**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1227/2**

# З А П И С Н И К

**Од 55-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 27.02.2018 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Илир Рамадани,м-рРисте Панов,Ивана Трајковска, Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Анита Латифи и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека и Гајур Рамадани. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Арун Ибраими-заменик директор на МРТ,Горан Атанасов- Директор на заеднички функции и администрација. |

Седницата започна во 13:15 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ еднogласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 54-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

2. Информација за одржаниот состанок меѓу претставници на Програмскиот совет и претставници на странските амбасади во Република Македонија.

3. Информација на забелешките на ОБСЕ по предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4. Разгледување и доставување на предлози за измена и дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018).

5. Разгледување Информација од Културно-уметничката редакција на МТВ согласно барањето од 52-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

6. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 54-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 54-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Записникот од 54-та седница на Програмскиот Совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 54-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Информација за одржаниот состанок меѓу претставници на Програмскиот совет и претставници на странските амбасади во Република Македонија.**

Претседателката на советот пред присутните обајсни дека главната иницијатива за одржување на еден ваков состанок била на заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија.Потоа претседателката навде кој се присуствуваше на состанокот односно дека од МРТ на состанокот присутвувале:Смилка Јанеска Саркањац, Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија, Заменик на претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Ристе Панов, член на Програмскиот совет на МРТ, Горан Атанасов, Директор на Заеднички функции и администрација на МРТ, Мигена Горенца, Одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ, а додека од страната на меѓународната заедница во дражавава на состанокот земале присуство: Н.Е. Кристиан Тимоние, Амбасадор, Амбасада на Франција во РМ, Владо Ралповски, преведувач на Амбасадорот на Франција, Арлинда Идризи, Советник за економски и политички односи -Амбасада на Кралството Холандија во РМ, Јоана Лачана, Шеф на мисијата на ОБСЕ за комуникации и медиуми, Михајло Лахтов, Постар асистент за комуникации и медиуми на ОБСЕ, д-р Алесио Ликуори, Заменик шеф на Мисија, Амбасада на Италија во РМ, Серџо Калива, Соработник во Амбасада на Италија во РМ, Владимир Ѓузелов, Соработник во Амбасада на Италија во РМ, Билјана Радева, Директор за комуникации, Амбасада на Британија во РМ, Кристина Каранакова, Политички аналитичар во Амбасадата на САД во РМ, Сања Фрковиќ-Гелевска, Директор на Програмата за слобода на медиуми, информатичко општество и култура во Делегацијата на Европската унија во РМ и Хајке Јовески, Одделение за печат во Амбасадата на Сојузна Република Германија во РМ.
Претседателката пред присутните ги истакна сите Заклучоци кои прозилегле од состанокот со претставниците на меѓународната заедница и дека отценките за истиот се главно позитивни.
Членот на советот Снежана Клинчарова со забелешка по однос на одржаниот состанок дека во иднина за вакви или слични настани членовите на советот би требало да бидат навремено информирани а не како што беше случај со овој настан ненавремено и неорганизирано.Клинчарова во продолжение а по однос на изборот на директорот и неговиот заменик се задржа и на соопштението на ЗНМ (здружение на новинари на Македонија) во кое како што посочи има конкретен директен напад кон неколку членови на Програмскиот совет и пред присутните го прочита споменатото соопштение.Клинчарова после ова го запраша заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија иначе истакнат член на ЗНМ-кој тоа членови од советот сте ги убедувале да не гласаат (како што стои во предметното соопштение), и кој е тој кандидат за кој според вас како што сте навеле требале да гласаат членовите на Програмскиот совет.
Заменик претседателот на совеотот одговори дека за сите прашања околу соопштението на ЗНМ најдобро би било да се обратите на писмено лично до ЗНМ како би добиле конкретен одговор.
Членот на советот Ивана Трајковска со забелешка дека вакви важни одлуки кои се носат на седници на Програмскиот совет уште не заврени и не објавени од МРТ, да не излегуваат во било какви соопштенија од било какви здруженија или организиции.
Со излагањето на членот Ивана Трајковска се исцрпи расправата по оваа точка и се премина на наредна точка.

**ТОЧКА 3:Информација на забелешките на ОБСЕ по предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац пред присутните го образложи и детално ги прочита членовите предложени во Анализата на ОБСЕ за Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а кој се однесуваат на работата на Македонската Радио Телевизија.Сите членови од Извештајот кој се однесуваа на МРТ беа детално прочитани и разработени од страна на членовите на Програмскиот совет и се доенесе едногласен заклучок на наредна седница на која ќе се разработуваат Предлозите за за измена и дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018), да се земат во предвид и овие забелешки од Извештајот на ОБСЕ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и доставување на предлози за измена и дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018).**
Беше едногласно констатирано дека оваа точка се префрла за расправа на наредна седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разгледување Информација од Културно-уметничката редакција на МТВ согласно барањето од 52-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Пред присутните беше прочитано Известувањето од Културно-уметничката редакција на МТВ кое со Заклучок беше побарано од страна на Програмскиот совет на една од предходните седници, а се однесуваше на организацијата на престојниот избор за Песна на Евровизија 2018.
Поради како што го отценија членовите на советот штурото и нецелосно соопштение, Програмскиот совет едногласно донесе Заклучок на наредна седница да биде повикан уредникот на Културно-уметничката редакција на МТВ, и на самата седница да се добие една јасна слика околу организацијата на целиот настан-Избор за песна на Евровизија 2018 (Лисабон).

**ТОЧКА 6: Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше побарано од членовите да се задолжат службите од Секторот за јавни набавки во МРТ да достават Информација во врска со Јавната набавка која е предмет на кривична пријава против Директорот на МРТ, како и да обезбедат свое присутво на наредната седница на советот, како би ги запознале членовите на Програмскиот совет со предметната набавка.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател